**ЗАПИСНИК**
***Од Единаесеттата седница на Националниот совет за евроинтеграции одржана на 17 септември 2012 година, сала Борис Трајковски, Собрание на Република Македонија***

Седницата на Националниот совет за евроинтеграции започна во 09.15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-ѓа Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

На седницата беа поканети и членовите на Комисијата за европски прашања, на Комисијата за надворешна политика и Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ, како и претставници на амбасадите на земјите-членки во Република Македонија.

На седницата свое обраќање имаше г.Штефан Филе комесар за проширување и европска соседска политика на Европската комисија.

На Единаесеттата седница на Националниот совет за евроинтеграции присуствуваа: Н.Е. г.Аиво Орав шеф на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија, Н.Е. г.Кристофер Ивон амбасадор на Обединетото Кралство во Република Македонија, Н.Е. г. Жан Клод Шлумберже амбасадор на Република Франција во Република Македонија, Н.Е. г. Јожеф Бенце амбасадор на Република Унгарија во Република Македонија, Н.Е. г.Гудрун Штајнекер амбасадор на Република Германија во Република Македонија, Н.Е. г.Фабио Кристиани амбасадор на Република Италија во Република Македонија, Н.Е. г.Томас Мајкл Баер амбасадор на Република Австрија во Република Македонија, Н.Е. г-ѓа Ештер Мартин заменик шеф на мисија Амбасада на Кралство Шпанија во Република Македонија, Н.Е. г.Иван Петков амбасадор на Република Бугарија во Република Македонија, Н.Е. г.Петер Верхејен заменик шеф на мисија Амбасада на Кралство Холандија во Република Македонија, г. Стилианос Гаврил, заменик шеф на мисија Амбасада на Република Грција во Република Македонија, Н.Е. г.Алешка Совинц заменик шеф на мисија Амбасада на Република Словенија во Република Македонија, г-ѓа Арлинда Идризи, политички советник, амбасада на Кралството Холандија во Република Македонија

Од страна на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија на седницата присуствуваа и г.Роберт Лидл раководител на оддел за политички прашања, правда и внатрешни работи, информирање и комуникации, г-ѓа Ингрид Сагер, раководител на Оддел 2 за регионален развој, социјална политика, земјоделство и прекугранична соработка, г-ѓа Барбара Замреска политички советник, г.Грегор Козуба политички советник и г-ѓа Марина Курте советник за европска интеграција и правни прашања.

На седницата присуствуваа: г-ѓа Радмила Шекеринска, претседател на Советот, г-ѓа Силвана Бонева пратеник и потпретседател на Советот, г.Хајрула Мисини пратеник и претседател на Комисијата за европски прашања, г.Александар Спасеновски,г.Талат Џафери, г.Тито Петковски, г.Гордан Георгиев, пратеници и членови на Националниот совет за евроинтеграции, г.Зиадин Села и г.Сафет Бишевац, г.Александар Николовски и г.Димитар

Стевананџија, пратеници и заменици-членови на Советот, г.Јордан Пачков, г-ѓа Наташа Савова, г.Игор Ивановски, г.Михајло Џолонга членови на Комисијата за надворешна политика, г. Андреј Петров потпретседател на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ, г.Оливер Спасовски, г.Владимир Ѓорчев, г-ѓа Тања Томиќ членови на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ, г.Павле Трајанов, г-ѓа Маринела Тушева, г.Ивон Величковски и г.Јани Макрадули пратеници и членови на Комисијата за европски прашања, г.Ѓорѓи Коџобашиев, г-ѓа Станка Анастасова и г-ѓа Лилјана Поповска пратеници и заменици-членови на Комисијата за европски прашања, г-ѓа Ленче Николовска, пратеник, г-ѓа Теута Арифи заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжена за европски прашања, г.Димитар Мирчев претставник од Кабинет на Претседателот на Република Македонија, г.Антони Пешев од Стопанската комора на Македонија, г.Живко Митревски од Сојузот на синдикати на Македонија, г-ѓа Тања Хафнер Адеми од Граѓанска платформа на Македонија, г.Томе Колев од Католичка црква и г.Трајче Минов од Евангелско-методистичка црква во Македонија.

Во обраќањето **г. Штефан Филе** комесар за проширување и европска соседска политика на Европската комисија се осврна на она што е сработено во изминатите шест месеци, при што процесот на исполнување на реформите во петте области утврдени во рамките на Пристапниот дијалог на високо ниво (ПДВН) го оцени како навистина успешен. Беше изразено задоволство од дискусиите што се водат во Собранието на Република Македонија, кои не се само протоколарна размена на мислења туку важни дебати за промоција на ПДВН и за што поскоро отворање на пристапните преговори.

Еврокомесарот Филе се заблагодари за можноста да биде гостин на Националниот совет за евроинтеграции, имајќи предвид дека Советот има потенцијал да промовира пошироко учество и да обезбеди инклузивност и заедништво во процесот на пристапување во Унијата. Инклузивноста и обединетоста околу заедничката цел да се биде дел од европското семејство, г.Филе ги потенцираше како основни елементи за успех во процесот на пристапување на Република Македонија во Европската унија.

Пред членовите на НСЕИ, КЕП, КНП и МПК РМ-ЕУ и претставници на дипломатскиот кор во Република Македонија, еврокомесарот Филе изнесе дека има потреба постигнатиот успех на земјата да се валоризира, при што најави дека на 10 октомври годинава Европската комисија ќе го презентира Извештајот за напредокот за 2012 година. Извештајот ќе биде основа за дискусиите меѓу земјите-членки на Европската унија, за идните чекори. Како клучен фактор г.Филе го издвои ПДВН кој веќе е во фаза на спроведување.

Според еврокомесарот Филе, Пристапниот дијалог на високо ниво е навистина успешен процес. Преку исполнување на целите од ПДВН, се подобруваат реформите и се покажува посветеност да се напредува во процесот на интеграција во ЕУ. Во неколку области постигнат е напредок: во областа на владеењето на правото намалени се пречките во судскиот систем, антикорупциските мерки бележат резултати, Охридскиот рамковен договор продолжи да се спроведува што претставува важен чекор напред. Инклузивноста на организациите од граѓанскиот сектор во ПДВН ја оцени како особено важна и потенцираше на нејзино одржување.

Со иницијативата на Владата на Република Македонија, преку Патоказот државата се соочува со тековните предизвици и се фокусира на постигнување на резултати кои што ќе ја подобрат нејзината европска иднина. Со исполнување на целите од Патоказот, Република Македонија има можност да испрати силна порака до Брисел, за посветеноста на државата за напредок и членство во Унијата.

На економски план, преземени се проинвестициски мерки, , воведени се регулативи за подобрување на бизнис климата, усогласување на процедурите за работни дозволи за странци. Еврокомесарот Фуле потенцираше дека е клучно да се спроведат стратешките политики за развој на економијата. Образованието и обуката на кадри во насока на зајакнување на економскиот систем со квалитетни човечки ресурси, се истакнаа како клучни алатки кои заземаат особено важно место во економијата на државата.

Во однос на дијалогот за слободата на изразување, истиот ги постави клучните предизвици и дозволи размена на мислења. Беше изнесена надеж дека декриминализацијата на клеветата ќе се одвива по европски стандарди. Особено е важно и неопходно, Кривичниот законик да се усогласи со новиот предлог-закон за декриминализација на клеветата. Преземени се напори за подобрување на текстот на одредбите од Изборниот законик со веќе предложени амандмани. Еврокомесарот Филе нотираше дека Република Македонија оствари значителен прогрес во однос на спроведување на изборните циклуси. Следните локални избори се вистинска можност да се докаже дека политичката клима е навистина созреана.

Во однос на меѓуетничкиот соживот и градењето на мултикултурно општество, Република Македонија по дваесет години од независноста воспостави здрава основа за заеднички живот на различните заедници во државата. Лекциите од минатото говорат дека политиките што се градат на етничко ниво не водат никаде, а иднината на земјата лежи во визијата за Европската унија. Оттука г.Филе потенцираше дека членството во Унијата и Охридскиот рамковен договор се двата клучни елементи за остварување на визијата.

Во расправата на седницата, со свои дискусии, сугестии и препораки, учествуваа: г-ѓа Радмила Шекеринска претседател на Советот, г-ѓа Силвана Бонева потпретседател на Советот, г.Хајрула Мисини претседател на Комисијата за европски прашања и член на Советот, г-ѓа Теута Арифи заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжена за европски прашања и член на Советот, г.Александар Николовски заменик член на Советот и заменик претседател на Комисијата за надворешна политика, г. Тито Петковски пратеник и член на Советот, г.Зиадин Села пратеник и заменик член на Советот и член на Комисијата за европски прашања, г.Андреј Петров потпретседател на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ, г-ѓа Тања Хафнер-Адеми претставник на Советот од Граѓанска платформа на Македонија и г.Насер Селмани член на Советот и претседател на Здружението на новинари на Македонија.

Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжена за европски прашања **г-ѓа Теута Арифи** нагласи дека третиот состанок од ПДВН е работен состанок за превземените обврски од март годинава. Дијалогот на виско ниво даде суштинска можност да се пристапи на темите од внатрешните реформи на државата. Во рамките на ПДВН, Владата ќе информира за процесот на остварување на патоказот, особено за трите клучни елементи: спроведувањето на Охридскиот рамковен договор, предлог-законот за декриминализација на клевета и навредата и реформите во Изборниот законик. Процесот ќе даде уште подобра можност за унапредување на прашањата за зголемување на нивото на демократијата. Госпоѓа Теута Арифи искажа благодарност до г.Филе, за неговата поддршка, подготвеност, креативност, партнерскиот начин на работа за остварување на заедничките цели кои треба да нè водат до добивање на датум за почеток на пристапните преговори на Репувлика Македонија со ЕУ.

Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции **г-ѓа Радмила Шекеринска** изнесе дека еврокомесарот Филе доаѓа во македонското Собрание кое е обединето не само за темата кој е стратешкиот интерес на државата и дека ПДВН е важен не само заради купување на време до идни преговори со ЕУ туку и заради промени на подобро на состојбите во државата. Во изминатите неколку месеци е укажано дека ПДВН ужива доверба и поддршка, но она што сите го очекуваат е да се видат резултати од реформите кои се со цел на граѓаните да им се обезбеди подобар правен систем, посигурна средина и подобра економија. Пристапниот дијалог на виско ниво се концентрираше на темите за кои и досега се сметаше дека е потребен напредок во областите на јавната администрација, изборното законодавство, судството, економскиот систем. Република Македонија покажа дека постои единство за да се постигне успех, ова особено при донесување на измените на Законот за следење на комуникациите каде и власта и опозицијата обезбедија прашањето да се реши преку процес на сериозни преговори. Република Македонија никогаш не била бавна во донесувањето на нови закони, но била слаба и понекогаш пасивна во нивната имплементација. Во оваа насока беше изнесено мислење дека Патоказот за реализација на целите од ПДВН за следната година нема да дозволи тоа да се случи. Присуството на г.Филе во Република Македонија испраќа сериозна политичка порака за поддршка на граѓаните. Позитивно беше оценето доставувањето до Собранието на предлог-законите поврзани со измените на Изборниот закон и за декриминализацијата на клеветата и навредата, но од друга страна беше изнесено дека тоа се случува под т.н.европски притисок. Во однос на инклузивноста на процесот г-ѓа Шекеринска изнесе дека досега кај политичките партии претставени во Собранието имаше прилично ограничена инклузивност во донесувањето на Изборниот законик и законот за декриминализација на клеветата и навредата. Доколку Изборниот законик не претпри измени, нема да се реши најголемиот проблем од минатите избори во однос на одвоеноста меѓу државата од партијата. Во дискусијата г-ѓа Шекеринска укажа дека присуството на г.Филе ќе покаже дека договорот, компромисот и консензусот немаат алтернатива.

Потпретседателот на Националниот совет за евроинтеграции **г-ѓа Силвана Бонева** искажа благодарност за посетата на еврокомесарот Филе и за неговата силна поддршка за интеграцијата на Република Македонија во ЕУ. Партнерството со Европската комисија е од исклучително значење за државата. Пристапнот дијалог на високо ниво сериозно функционира, патоказот што е негов составен дел се реализира. Собранието на Република Македонија во изминатиот период покажа дека европската агенда ги обединува сите политички партии во државата и различните етнички заедници. Европската агенда претставува едно од најважните прашања што значат мир, стабилност и економски просперитет како на државата така и на регионот. Беше искажана благодарност на поддршката што ја дава Европската комисија во процесот на интеграција на Република Македонија во ЕУ, благодарност за напорите во процесот до Владата и до пратениците во Собранието. Покрај донесувањето на законите од европската агенда, од исклучително значење за постигнување на добри резултати е и политичкиот дијалог. Исто така од суштествено значење е и меѓуетничкиот дијалог, во оваа насока ќе се продолжат да се градат добри меѓуетнички односи. За Собранието на Република Македонија особено е значајно остварувањето на парламентарната дипломатија, соработката со земјите соседи и земјите-членки на ЕУ. Националниот совет за евроинтеграции како и политичките партии во Собранието, ќе продолжат да работат на европската агенда и се надеваат на датум за почеток

на пристапните преговори, датум што Република Македонија го заслужува што поскоро да го добие.

Заменикот на претседателот на Комисијата за надворешна политика **г.Александар Николовски** искажа благодарност за посетата на еврокомесарот Филе при што во име на Комисијата за надворешна политика и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ изнесе неколку ставови. Изминатиот период беше оценет како исклучително значаен. Собранието на Република Македонија активно работеше на неговата агенда за донесување на закони и следење на имплементацијата. Остварена е интензивна дебата за значајни законски решенија кои беа во интерес на граѓаните на државата. Предизвик што останува е исполнувањето на патоказот за реализација на ПДВН. Покрај донесените закони во изминатиот период, беше поздравен и предлог-законот за декриминализација на клеветата и навредата, кој е во Собраниска процедура. Беше поздравено спроведувањето на обуки за судиите за подобро постапување со случаите согласно Европската повелба за човекови права, подобрувањето на спроведувањето на членот 11 од Законот за радиодифузната дејност, јакнењето на капацитетот на Основното јавно обвинителство, како и донесувањето на измените на Законот за следење на комуникациите. Беше поздравена реформата на јавната администрација за која се очекува во Собранието да следи плодна дебата. Собранието внимателно ја следи работата на Управувачкиот комитет формиран за адресирање на препораките на ОБСЕ/ОДИХР, во однос на Изборниот законик. Во дискусијата беше укажано дека посетата на еврокомесарот Филе се реализира во исклучително сериозно време на финансиска криза во Европа како и на регионот. Собранието прави се што е во негова надлежност да се добијат најдобри резултати за граѓаните на државата. Од Европската комисија се очекува да даде поддршка на земјоделството, особено III и V компонента на ИПА, бидејки во овој сектор најмногу се инвестира. Република Македонија континуирано постигнува напредок, тоа е констатирано во годишните извештаи на Европската комисија, но не е валоризирано со датум за почеток на пристапните преговори поради противењето на Грција. Република Македонија очекува доследно почитување и спроведување на одлуката на Меѓународниот суд за правдата во Хаг како и достоинство почитување и употреба на придавката македонски за народот и јазикот на Република Македонија.

Потпретседателот на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ **г.Андреј Петров** посетата на еврокомесарот Филе на Република Македонија во рамките на третата сесија на ПДВН ја оцени како особено значајна. Беше искажано особено задоволство што првата средба од третата сесија на ПДВН се остварува со пратениците во Собранието на Република Македонија што претставува потврда на важноста на евроинтеграциите за пратениците, потврда за важноста на улогата на Собранието во ПДВН и верификација на се што беше претходно постигнато. За Република Македонија како држава со посебни демократски, политички и етнички специфики, особено е значајно Собранието активно да биде вклучено во процесот на евроинтеграцијата. Република Македонија веќе седум години е со кандидатски статус, а ПДВН не претставува замена за пристапните преговори. Очекувањата се дека за Република Македонија ќе биде доделен датум за почеток на преговорите за членство во ЕУ. Патоказите од ПДВН се само помош да се стигне до целта. Во однос на мерките за реализација на целите од патоказот има сериозни забелешки и се очекува вистински напредок во клучните области од реформите. Беше потенцирано значењето на измените на Изборниот законик, за одржување на фер и демократски избори. Според г. Петров, од препораките на ОДИХР имплементирана е само една препорака, избирачкиот

список е во позиција статус кво. Паралелно на ова се отвораат и други прашања во општеството во делот на невладините организиаци и синдикатите, за што се изнесе верување дека ќе се покаже демократски капацитет за нивно решавање. На крајот на дискусијата г. Петров истакна дека на следниот состанок на МПК РМ-ЕУ ќе се продолжи да се дава политички импулс на дијалогот со европратениците, придонес за унапредување на дијалотот меѓу Собранието и Европскиот парламент и за зголемување на видливоста на Собранието пред европските институции.

Членот на Комисијата за европски прашања и заменик-член на Националниот совет за евроинтеграции **г.Зијадин Села** во дискусијата се осврна на одредени состојби на насилства кај учениците, упади во домови, незавршени судски процеси. Господин Села искажа благодарност до г.Филе за поддршката која ја дава на Република Македонија на патот кон Европската унија. Стабилноста на државата и членството во ЕУ се многу важни и во оваа насока Демократската партија на Албанците како политички субјект во државата дава поддршка на оваа определба. Од друга страна, се осудува секаков вид на злоупотреба на безрезервната поддршка која ја дава Европската унија. Според г.Села се водат дискусии за релаксирани меѓуетнички односи, за владеење на правото, од друга страна граѓаните се многу конфузни за тоа што ќе се случува во иднина. Позитивно е што обединетоста во заедничката цел без оглед на политичката и етничката припадност, е патот кон Европската унија. Демократската партија на Албанците ќе направи се што е во нејзина можност со цел државата да остане на оваа определба.

Членот на Националниот совет за евроинтеграции **г.Тито Петковски** побара коментар од еврокомесарот Филе во врска со проблемот на Грција за уставното име на Република Македонија. Приемот на Република Македонија во ЕУ претставува тешка мисија, особено имајќи го предвид досегашното искуство кај земјите-членки во постигнувањето на консензус. Во пораките кои доаѓаат од Брисел и Вашингтон постојано се повторува дека нема прием за Република Македонија додека не се реши проблемот за името на државата. Во оваа насока беше поставено прашање како Европската унија ќе го разреши овој проблем.

Претставникот на Националниот совет за евроинтеграции, од Граѓанската платформа на Македонија, **г-ѓа Тања Хафнер Адеми** се осврна на Пристапниот дијалог на високо ниво, при што информираше дека во процесот биле вклучени и граѓанските организации при што се организирале неколку дебати, анкета и се подготвиле политички документи. Од аспект на вклученоста на граѓанските организации во ПДВН, беа дадени следните согледувања: ПДВН внесе нова динамика во процесот на евроинтеграциите, патоказот поставува недоволно амбициозни цели и мерки, доминира технички, а не суштински пристап. Во дискусијата г-ѓа Хафнер Адеми се осврна на Законот за верификација на фактите, според кој претставниците и членовите на здруженијате и фондациите се сметаат за вршители на јавна функција. Уставниот суд донесе времена мерка во врска со примената на одредбата од Законот, но се остава отворен простор за можни злоупотреби во однос на претходно поднесените изјави. Во патоказот на ПДВН предвидени се мерки кои претходно не се предвидени во Националната програма за усвојување на правото на ЕУ, што дополнително предизвикува конфузност. Имајќи предвид дека ПДВН предвидува инклузивност во процесот, беше изнесено дека досегашните сесии од дијалогот се сведуваат само на известување за договорените мерки и имплементација на патоказот. Граѓанските организации и експертската јавност не биле доволно вклучени во дефинирањето на приоритетите од патоказот. Според граѓанските

организации, ПДВН во иднина може да биде ефикасен само доколку нуди модалитет и поттик со јасна додадена вредност за Република Македонија за целосно интегрирање во ЕУ. Ова подразбира суштинска инклузија на сите засегнати страни вклучително и граѓанските организации во дефинирањето и набљудување на патоказот, во НПАА и преговарачките тимови. Развиеното граѓанско општество претставува фактор за успех на процесот на европска интеграција.

Членот на Националниот совет за евроинтеграции **г.Насер Селмани** даде поддршка на законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда, во чија подготовка активно учествувало и Здружението на новинари на Македонија. За здружението од суштинско значење е во законот да се вградат сите забелешки на експертот од Советот на Европа со цел да се обезбедат најдобрите европски практики. Во однос на текстот на предлог-законот се очекува да следи отворена и аргументирана јавна дебата со цел заеднички да се идентификуваат слабостите и да се подобрат законските решенија. Со законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда значително ќе се подобри законската рамка за слободата на изразување и медиумите. Целта на донесувањето на законот ќе се постигне доколку носителите на јавни функции разберат дека мора да ги издржат критиките на јавноста, судиите правилно да го применуваат законот, а новинарите да покажат поголема посветеност кон почитување на професионалните стандарди и етика.

Претседателот на Комисијата за европски прашања и член на Националниот совет за евроинтеграции **г.Хајрула Мисини** изнесе дека членството во ЕУ и НАТО претставува стратешка определба на Република Македонија. Собранието има важна улога во процесот на донесување на законодавството како и во оценувањето на влијанието на европската легислатива врз граѓаните и бизнисот. Во изминатот период постигнат е напредок во областа на слободата на изразување и медиумите, владеење на правото и фундаменталните права, јавната администрација. Превземени се напори за измени на Изборниот законик, како и многу активности за зајакнување на пазарната економија. Имајќи го предвид постигнатиот напредок г.Мисини изрази надеж дека тоа ќе биде валоризирано со определување на датум за почеток на пристапните преговори меѓу Република Македонија и ЕУ. Интеграцијата во ЕУ е тесно поврзана со прашањето за името, во оваа насока треба да се продолжи со конструктивниот пристап со цел да се реши прашањето. Господин Мисини повика на конструктивност и разумност на сите политички партии во државата во интерес на процесот на европската интеграција и иднината. Напорите и пораките од Европската комисија се од суштинска важност и истите високо се ценат. Со поддршка на Европската комисија, Република Македонија успеа да помине важен дел од патот кон ЕУ, градејќи одржлив и функционален модел на демократија во мултиетничко општество кој може да послужи како пример во регионот и пошироко.

На крајот на седницата еврокомесарот Филе даде свои коментари, одговори и препораки. Третиот состанок на ПДВН е мошне важен во однос на три точки: прво да се разгледа до каде е процесот и што е постигнато со него, второ - ПДВН ќе покаже јасна врска меѓу Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2012 година, препораките од Европската комисија и одлуката на земјите-членки на највисоко ниво во рамки на Европскиот совет во декември годинава и трето - за првпат во рамките на ПДВН се планира да се разговара и за прашањето за добрососедските односи, билатералните односи меѓу Република Македонија и нејзините соседи. Не постои друг процес кој може да го замени или

да се споредии со ПДВН. Со него се воведува агендата за проширување пред почетокот на преговарачкиот процес и се создаваат дополнителни услови за чекорите кои ќе следат. По одржувањето на првиот состанок од ПДВН, има еден нов фокус кон прашањата поврзани со ЕУ и добри резултати. Сепак, ПДВН не е процес што ќе ги реши пристапните преговори за 35 поглавја. Дијалогот се однесува на усогласување на политиките и процедурите за поглавјата 23 и 24 во однос на фундаменталните права, судството и безбедноста. ПДВН претставува платформа на која треба да се решаваат прашањата, без оглед дали се работи за теми како што е декриминализацијата на клеветата или пак заживувањето на дијалогот меѓу граѓанското општество и властите.Доколку дијалогот меѓу властите и граѓанските организации се ограничи само на бројот на одржани состаноци и да се сведе на едно техничко ниво, нема да се постигне успех. Потребно е да се креира атмосфера што ќе доведе до вистински резултати. Пристапниот дијалог на високо ниво е важен за Република Македонија, да се добие можност да се разбере колку е потребно да се вложи труд на патот кон ЕУ, особено во време на големи предизвици со кои се соочува Унијата и еврозоната. Прашањето за спорот со името на државата претставува препрека која мора да се надмине со цел Република Македонија да продолжи да напредува во повисоко ниво од процесот на проширување. Европската комисија останува конзистентна во известувањето за напредокот на земјата, даде препорака за започнување на процесот на преговори и на тоа останува.

Седницата на Советот заврши во 10.44 часот.

Составен дел на овој записник е списокот на присутни членови и претставници на Советот, и нивни заменици.

30-2596/1
26.06.2013 год

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ,**
**Радмила Шекеринска**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Собрание на Република Македонија
СКОПЈЕ

Раководител на Сектор за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции,
Даниела Велковска